**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Државен просветен инспекторат**
**Број: 09-1249/3**
**22.03.024 година**
**Скопје**

## ООУ„Наим Фрашери“ – с. Студеничани

| | |
|---|---|
| Конечен извештај од извршена интегрална евалуација | |
| **Датум на интегрална евалуација:** | Од 08.11.2023 година до 10.11.2023 година |
| **Број на извештај:** | 22/скопски/2023 |
| **Раководител на инспекциски тим:** | Сенад Сулејмани |
| **Вид на училиштето:** | Основно училиште |
| **Основач на училиштето:** | Општина Студеничани |
| **Наставен јазик:** | Албански наставен јазик |
| **Број на ученици:** | 1802 |
| **Полова структура на ученици:** | 894 машки, 908 женски |
| **Број на наставници:** | 93 |
| **Претседател на училишниот одбор:** | Нијази Цури |
| **Директор на училиштето:** | Идриз Шабани |
| **Датум на претходна интегрална евалуација:** | 25, 26 и 27.04.2018 |
| **Адреса на училиштето:** | С.Студеничани бб |
| **Телефон:** | 022 724 189 |
| **Факс:** | / |
| **e-mail:** | naimfraseri_st@yahoo.com |
| **оценка од интегрална евалуација** | **Добар (2,71)** |

Инспекцискиот надзор е извршен согласно членовите 2, 19, 25 и 26 од Законот за просветна инспекција („Службен весник на РМ“ број 52/2005; 81/2008; 148/2009; 57/2010; 51/2011; 24/2013; 137/2013; 164/2013; 41/2014; 33/2015; 145/2015; 30/2016 и 64/2018 година) и Правилникот за начинот и постапката за вршење на инспекциски надзор на просветната инспекција („Службен весник на РМ“ број 86/2006 година).

## Резиме

Согласно Годишната програма за работа на Државниот просветен инспекторат и Законот за просветната инспекција од 08.11.2023 година до 10.11.2023 година, тим од четворица државни просветни инспектори спроведоа интегрална евалуација во работата на ООУ„Наим Фрашери" – Општина Студеничани, Скопје.

Подготвителната фаза од интегралната евалуација е спроведена од раководителот на инспекцискиот тим со посета на училиштето и прибирање на сите потребни документи во кои се содржат податоците за работата на училиштето.

За време на надзор, тимот ги спроведе сите планирани активности: посета на наставни часови, состаноци со директор на училиште, со стучни соработници, со Училиштен одбор, со Совет на родители, со Ученички парламент, разговори со фокус група на ученици и наставници по стручни активи и членови на тим кои учествувале во изготвување на Самоевалуацијата на училиштето.

Од целокупната евиденција и документација која беше приложена и разгледана за време на надзорот, разговорите водени со различните фокус групи, од посетените наставни часови, анализата на претходно доставените прашалници и се она што можеше да се види на лице место, тимот од државни просветни инспектори констатира дека работата во ООУ„Наим Фрашери" е **Добар (2,71)[1].**

Во училиштето реализацијата на наставните планови и програми обезбедува постигање на целите од националните стандарди и Концепцијата за основно образование. Истите се реализирани во пропишаниот обем, во согласност со Календарот за организација и работата на основните училишта донесен од Министерот за образование и наука. По наставните предмети математика, природни науки, физика, хемија и биологија наставата се реализира според адаптираните наставни програми од Меѓународниот центар за наставни програми на Кембриџ одобрени од Бирото за развој на образованиетo. Содржините во дел од наставните програми, овозможуваат меѓуетничка интеграција во образованието и граѓанска вклученост. Во паралелките од прво до шестто одделение воспитно – образовната работа се остварува според Концепцијата за основно образование донесена со Решение Бр.08-3980/1 од 03.03.2021 година, донесена од Министерот за образование и наука.

Училиштето со Одлука бр.03353/2 од 01.09.2022 година има формирано Училиштен инклузивен тим, составен согласно законската регулатива и истиот се грижи за инклузивните политики и практики на ниво на целото училиште. Исто така, согласно законската регулатива, училиштето има формирано Инклузивен тим за секој ученик со посебни образовни потреби, кој поседува наод и мислење од соодветна институција. Во училиштето има 9 ученици со посебни образовни потреби кои се со добиена стручна проценка на функционалности според МКФ од кои, согласно со проценката, сите ученици работаат според ИОП а нема ученици кои што работат со модифицирана програма. За 27 ученика со потешкотии во учењето кои се детектирани од страна на наставниците и стручната служба, но немаат соодветна документација, не се работи со диференциран пристап.

Во училиштето се нудат три изборни предмети според наставниот план. Се врши анкетирање на крајот на секоја наставна година. На анктниот лист се нудат како избор три изборни предмети определени според кадарот со кој располага училиштето. Училиштето ја почитува процедурата и изборот од страна на учениците и родителите.

---

1

Според класификацијата од Индикаторите за квалитет на основните и средните училишта, постојат четири квалитативни нивоа:

Не задоволува,

Делумно задоволува,

Добро и

Многу добро.

Учениците се вклучуваат во вonнаставните активности, според сопствен избор. Најголем дел од учениците се вклучени барем во една вонnаставна активност. Во вонnаставните активности, особено во секциите, опфатени се поголем број ученици според нивните индивидуални способности, наклонетост и предиспозиции. Училиштето во вонnаставните активности ги вклучува и учениците со посебни образовни потреби.

Училиштето располага со податоци и анализи за постигањата на учениците според пол и националност по сите наставни предмети, за сите класификациони периоди по години и паралелки и презема активности за нивно подобрување. Постигањата на учениците во последните три учебни години, говорат за континуитет на успехот на учениците, без големи промени и отстапувања. Средниот успех на учениците на училишно ниво, за последните три учебни години е многу добар (3.60).

Училиштето обезбедува услови за запишување на сите деца од својот реон, вклучувајќи и услови за запишување на деца со посебни образовни потреби. Училиштето промовира уверување дека постигањата на учениците може да се подобрат и континуирано презема конкретни активности во таа насока

Во училиштето има договорен приод за планирање и тоа на ниво на актив во одделенска настава и индивидуално по одделенија кајпредметните наставници. Процедурата за следење на планирањето и реализација на наставниот процес ја реализираат стручните соработници. Во мал број на наставни содржини и наставни предмети се вметнати целите на МИО.

Голем број од наставниците користат разновидни форми и методи што соодветствуваат на потребите и можностите на учениците и нивните стилови на учење. Голем дел од наставниците користат добро испланирани и соодветни методи за работа со учениците најчесто индивидуално или заедничка работа со целата паралелка, а многу ретко во парови или во групи.

Наставниот кадар и стручните соработници, ги идентификуваат образовните потреби на учениците, како и пречките во процесот на учење на секој ученик и преземаат активности за нивно остварување, односно за нивно отстранување.

Училиштето ги применува позитивните законски и подзаконски прописи што го регулираат оценувањето на учениците.

Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува. Системот вклучува редовно прибирање информации за постигањата на учениците и давање транспарентна и конкретна повратна информација на родителите и учениците за оценката.

Училиштето води добра грижа за спречување на учениците од физички повреди и елементарни непогоди, бидејќи училишната зграда претставува безбеден објект за претстој, така што во неа нема опасни места од електричен удар, поплава. Има инсталирани противпожарни апарати, хидранти и громобранска инсталација.

Хигиената во зградата на училиштето (училниците, ходниците) добро се одржува со редовно чистење во текот на двете смени од престојот на учениците во објектот. Во дворот на училиштето, во секоја училница и во ходниците има поставено корпи за отпадоци.

Училиштето има програма за превенција од заразни болести. Во случај на појава на заразна болест, училиштето усвојува договорна процедура за заштита од нејзино ширење во соработка со здравствените институции.

Програмата за професионална ориентација на учениците се реализира од стручната служба и наставниците кои се грижат за давање помош при изборот на институцијата за понатамошно образование.

Училиштето има соработка со граѓанскиот сектор. Постојат конкретни примери за успешна соработка со граѓанскиот сектор и активно учество на вработените во проекти од интерес на заедницата и училиштето, како и соработка со други институции.

Во училиштето владеат позитивни меѓучовечки односи. Учениците и вработените се идентификуваат со училиштето и се грижат за неговиот углед. Училиштето има формирано училишен парламент избрана на демоктатски начин и која функционира според изготвен План за работа на училишниот парламент.

Соработката на училиштето со родителите делумно задоволува. Таа се базира врз размена на информации, консултации и партнерски однос.

Кодекс на однесување и куќниот ред се истакнати транспаретно во ходниците и холот на училиштето. Донесените кодекси и куќниот ред од страна на вработените, учениците и родителите се применуваат целосн. Учениците и родителите се придржуваат кон куќниот ред на училиштето.

Просторот за одвивање на воспитно-образованата работа, задоволува.

Училиштето се препознава по постигање на учениците во текот на образованието, во училиштето и по постигање од повеќе области на натпревари на ниво на општинско и регионално ниво. Угледот на училиштето се подига со организирање на натпревари и активно учество на голем број културни манифестации организирани во соработка со општината и училиштата од општина Студеничане.

Учениците учат да ја почитуваат сопствената култура и традиција и културата и традицијата на другите етнички заедници во Република Северна Македонија, без оглед на етничката или верската припадност.

Нема во доволен број наставно-нагледни средства, и постоечките редовно не се користат. Училиштето повремено ги утврдува потребите за наставни сретства и помагала но обновувањето зависи од расположливите сретства.

Училишната библиотека делумно ги задоволува потребите на учениците и наставниците. Училиштето има стручна служба, составена од педагог, психолог и дефектолог кои им даваат подршка на наставниците во организацијата и реализацијата на наставата, следењето на напредокот на учениците, справувањето со проблемите на индивидуално и групно ниво и давање на соодветна помош на учениците од секаков вид.

Потребите на наставниците за стекнување на знаења од одредени области за подобрување на наставниот процес и активностите во училиштето се реализираат само кога се повикани на семинари и обуки. Финансиското работење на училиштето е контролирано од Училишниот одбор а скромните средствата со кои располага се трошат наменски.

Работата на Училишниот одбор е транспарентна. Членовите на Училишниот одбор се запознаени со сите прашања во врска со воспитно образовната работа, постигањата на учениците, програмата за развој на училиштето, самоевалуацијата, реализацијата на активностите како и за управување со финансиите во училиштето. Соработката со директорот е партнерска. Директорот на училиштето ефикасно ја планира, следи и унапредува работата на училиштето преку транспарентно тимско работење и распоредување на одговорностите на сите субјекти во училиштето. Фокусот на работењето на директорот е подобрување на наставниот процес и условите за работа, одржување на позитивна климата во училиштето и афирмирање на училиштето. Работата на училиштето е уредена со Статут на училиштето со бр.0302-116/1 од 25.04.2019 година, одобрен од страна на Министерството за образование и наука со УП1 18-1039. Училиштето, преку тимско работење, има изготвено Самоевалуација со бр.0302/5/577/1 од 04.03.2022 година, а усвоена од Училиштен одбор со Одлука бр.0302/577 од 04.03.2022 година. Училиштето има изготвено Развојна програма за работа со бр.03-165 од 31.08.2020 година, која ги содржи приоритети за развој на училиштето во наредните четири години, а истата со Одлука бр .03-165 од 31.08.2020 година, усвоена е од Училиштен одбор.

За учебната 2022/2023 година, училиштето има изготвено Годишна програма за работа со бр.0302/808 од 14.08.2023 година, усвоена од Совет на Општина Студеничани со Одлука бр.03-780 од 14.08.2023 година. Училиштето за учебната 2022/2023 година, има изготвено Годишен извештај , усвоен од Совет на Општина Студеничани..

Училиштето со Одлука бр. 02-85/2 од 09.03.2022 година, има формирано Тим за меѓуетничка интеграција. Училиштето ги подобрува политиките за меѓуетничка интеграција, со нагласување на вредностите во визијата на училиштето и со реализација на Програма за меѓуетничка интеграција во образованието. Партнер училиште им е ООУ„Кузман Шапкарев", Општина Кисела Вода и ООУ„Климент Охридски", – Скопје, за што има потпишано Меморандум за соработка број 0302/792 од 05.12.2022 година.

Училиштето има формирано училишен спортски клуб Уск Наим Фрашери –Студеничани, со број на регистрација 6938248. Училишниот спортски клуб е активен.

## Карактеристики на училиштето

ООУ„Наим Фрашери" е воспитно – образовна установа која се наоѓа во Општина Студеничани – Скопје. Училиштето е основано со Одлука бр.07-273 од 08.06.2007 година, од Министерството за образование и наука.

Носител на основачките права на училиштето е Општина Студеничани. Дејноста на училиштето е верифицирана од страна на Министерството за образование и наука со број 15-1887/3 од 1985 година, заведено е во Централен регистар со Даночен број: 4030945269660, Матичен број: 4062809 и Жиро сметка: 767010341790319.

Во училиштето учат ученици од прво до деветто одделение. Наставата се изведува во две смени и се реализира на албански наставен јазик. Во учебната 2022/2023 година, запишани се вкупно 1802 ученици, од кои 894 машки и 908 женски ученици. Истите се сместени во вкупно 69 паралелки од кои 51 во Студеничани и 18 паралелки во подрачното училиште во с.Морани.

Наставата во училиштето ја реализираат 93 наставника, од кои 79 наставници се со високо образование,2 наставника е со вишо образование и 11 наставници со несодветен наставен кадар. На неопределено работно време се 29 наставника и 19 наставника на одределено работно време. Според полот 55 се жени и 38 се мажи, а според етничката припадност 90 се албанци и 3 македонци. Од други училишта во училиштето реализираат настава 6 наставници, а во друго училиште 4 наставници реализираат настава. Наставата во одделенска настава ја изведуваат 16 одделенски наставника и 32 предметни наставника. Работата на наставниот кадар ја надополнуваат 4 стручни соработници (педагог, психолог, специјален едукатор и рехабилитатор, и библиотекар).

Училишната зграда на „Наим Фрашери" Студеничани е објект од тврда градба кој е изграден 1945 година, со внатрешна површина од 2731 м², двор со површина 17714 м2, кој е хортикултурно уреден, игралиште и спортски терен со површина од 2267 м2. Училиштето има спортска сала. Централното училиште во с.Студеничане се загрева на течно гориво(нафта), котлите се наоѓаат во подрумските простории. Училишниот двор е целосно ограден со цврста ограда.

Подрачното основно училиште во с.Моране е стар објект е тип на тврда градба, со површина од 1135м2 и неуреден двор со површина од 5000м2.Објектот е составен од 10 училници, наставничка канцеларија, помошна просторија и 2 тоалети.

Училиштето има јасен план и распоред и максимално ги користи расположливите капацитети за изведување на наставата и на вонннаставните активности, со што ги задоволува потребите на учениците.

# 1 Наставни планови и програми

## 1.1 Реализацијата на наставните планови и програми

Воспитно образовната работа во ООУ„Наим Фрашери" општина Студеничани, се остварува врз основа на наставните планови и програми за деветгодишно основно образование.Во паралелките од прво до шесто одделение воспитно – образовната работа се остварува според Концепцијата за основно образование,по наставните предмети математика, природни науки, физика, хемија и биологија во паралелките од седмо до деветто одделение наставата се реализира според адаптираните наставни програми од Меѓународниот центар за наставни програми на Кембриџ одобрени од Бирото за развој на образованието. Применуваните наставни планови и програми се реализирани во пропишаниот обем.

Содржините во поголемиот број наставни програми овозможуваат меѓуетничка интеграција во образованието .

Со целите на наставните планови и програми што се реализираат, запознаени се членовите на советот на родители како и другите родители на родителските средби. Родителите на деца со посебни образовни потреби, информирани се за работењето и постигањето на целите преку нивна вклученост во инклузивен тим и изработка на **индивидуален образовен план**.

Училиштето има формирано Училишен инклузивен тим (Одлука бр.0302-818 од 1.09.2023 година) кој има изготвено програма за работа. Категоризирани ученици со посебни образовни потреби има9ученици (одкои 6воподрачнотоучилиштевос. Моране).Идентификувани се 14 ученици со потешкотии во учењето. Училиштето добива подршка за учениците со ПОП од ресурсниот центар „Д-р Златан Сремац". Секојдневно работи еден образовен асистент за два ученика. Изготвен е Акциски план за работа.

Постапката за определување на изборните предмети се применува доследно во интерес на потребите на учениците. Училиштето ги нуди сите изборни предмети според наставниот план за учениците од седмо до деветто одделение. Се врши анкетирање на крајот на секоја наставна година. Училиштето ја почитува процедурата и изборот од страна на учениците и родителите. За учениците од четврто, петто и шесто одделение училиштето доставува предлог прашалник до родителите за нивно изјаснување во однос на изборните предмети врз основа на кој се составува предлог за изборни наставни предмети. Училиштето бара и добива соодветна согласност од БРО кога се избра предмет што не бил дотогаш застапен.

Резултатите од спроведената анкета се објавени на фејсбук страната на училиштето. Согласност изборот на учениците, наставниците изготвуваат наставни програми.

Училиштето има изготвено проширена програма но не реализира, поради тоа што нема интерес од родителите а училиштето е во непосредна близина на живеалиштата на учениците.

## 1.2 Квалитетот на наставните планови и програми

Наставниците ги изработуваат годишните и тематските планирања , како и оперативен план за наставен час во согласност со наставните програми и насоките за планирање и организација на наставата и годишната програма за работа на училиштето. За учениците од I,II,III, IV,Vи VI одделение се изработува Годишни планирања , неделни планирање и сценарио за наставен час. Постојат примери на интегрирање на особеностите на локалната средина во планирањата кај одреден број од наставниците. Имплементирањето на вака планираните содржини најчесто е преку посета на објекти и институции кои се карактеристични за средината или го изразуваат нејзиното историско минатокултурната традиција.

Училиштето има разработено насоки за вградување на меѓупредметните цели во наставни програми што се реализираат. Во училиштето има можности за интегриран пристап по одделни

наставни предмети, при што истиот целосно е застапен во одделенска настава, а помалку застапен е по наставните предмети во предметна настава но помал број сепланирани содржините и активностите за негување на меѓуетничка интеграција во образованието.

Во Годишната програма за работа, училиштето има изработено и Програма за меѓуетничка интеграција во образовниот систем . Во таа насока, потпишан е Меморандум за соработка со ООУ„Св. Климент Охридски" во с.Драчево општина Кисела Вода бр.0302-856 од 02.12.2022 година. Програмата нуди активности за запознавање со обичаите, културата и традицијата на другите народи. Училиштето има формирано комисија за меѓуетничка интеграција со Одлука бр.03-456 од 01.09.2023 година.

Училиштето прибира и разгледува мислења за наставните планови и програми, но нема покренато иницијатива до предлагачите за изменување и дополнување на истите. Има реакции за потреба од поголема подршка од советниците од БРО за успешно реализирање на концепцијата. Наставниците изразија позитивно мислење за редоследност по предметот математика, флексибилност, слободно искажување на учениците што доведува до релаксираност на часовите.

### 1.3 Воннаставни активности

Со Годишната програма за работа на училиштето, се планираат воннаставните активности, во согласност со потребите и интересите на учениците.

При реализацијата од страна на училиштето, поддеднакво е дадена можност за вклучување на сите ученици, без разлика на пол и социјален статус на секој ученик.

За секоја воннаставна активност определени се одговорни наставници. Учениците не се вклучени при изготвување на програмите и изборот на воннаставните активности.

Во училиштето се реализираат повеќе видови воннаставни активности и тоа учениците членуваат во еколошка, драмска и литературна секција , секција на маладиi биолози, млади библиотекари и спортски активности.

Во училиштето континуирано се реализираат и проекти како посебен вид на еднократни воннаставни активности. Проектите се како поддршка на постојните наставни предмети/области или во функција на други области.

Реализирани проекти последните 3 учебни години се следните:

- Проект за „Меѓуетничка интеграција на младите во образованието-МИМО"
- Проект- „ЕКО"
- Проекти по англиски јазик
- Интерен проект „Отворен ден по граѓанско образование".
- Проект:Антикорупциска едукација з учениците од основните училишта
- Интерен проект„Училиште без насилство"
- Проект „Граѓанска култура"

Училиштето учествува на ученички натпревари на општинско ниво. Има добар пример за ученик кој има добиено втора награда по природни науки на регионално ниво.

Училиштниот спортски клуб „Наим Фрашери" е регистриран во централен регистер со дел. број 301201400105008(ЕМБС 6938248) со шифра на дејност на спортски кублови (шифра 93.12) Одговорен е наставник по физичко и здравствено образование.Училишниот спорски клуб имаодбојка, кошарка и ракомет (женски и машки екипи) и фудбал со машка екипа.Клубот е активен.

# 2 Постигања на учениците

## 2.1 Постигања на учениците

Училиштето прибира податоци и изготвува извештаи и анализи за постигањата на учениците. Се изготвуваат квартални, полугодишни и годишни извештаи од страна на стручната служба во кои се дадени податоци за постигањата на учениците според пол, паралелки и наставни предмети.

Изготвените анализи покажуваат дека средниот успех на учениците за последните три учебни години изнесува: 3,84 за учебната 2020/2021 година; 3,70 за учебната 2021/2022 година и 3.60 на крајот од учебната 2022/2023 година. Нема отстапувања и во учебните години кога наставата е реализирана онлајн. Училиштето има анализи за постигањата со описно оценување и преминот од описно во бројчано оценување.

Се водат ученички портфолија со информации за постигањата на учениците.

Училиштето има формирано инклузивен тим со Одлука од Училиштето и донесена Програма за работа за деца со посебни потреби.

Со потешкотии во учењето се идентификувани14 ученици, а идентификацијата ја прават наставниците во соработка со педагогот на училиштето.. За учениците кои имаат потешкотии во совладувањето на материјалот, наставниците организираат дополнителна настава, а со надарените ученици имаат програма за реализација на додатна настава.

Учениците учествуваат на натпревари кои се организираат на училишно, општинско и регионално ниво. На општинско ниво имаат учество на квизови, литературни натпревари, ликовни натпревари противпожарен натпревар.

Во училиштето се прогласува ученик на генерацијата, согласно дадени критериуми во интерен Правилник за видови пофалби и награди на учениците.

Училиштето организира заеднички воннаставни активности со ученици од мешан етнички состав во рамките на училиштето или во партнерство со училиште од друг наставен јазик односно со партнер училиштето ООУ„Климент Охридски"с.Драчево општина Кисела Вода.Програмата нуди активности за запознавање со обичаите, културата и традицијата на другите народи. Училиштата тоа го постигнуваат преку меѓусебно организирање на посети и реализација на поголем број заеднички активности.

## 2.2 Задржување / осипување на ученици

Училиштето има податоци за опфатот на учениците од својот реон. Има изградено систем и презема активности да ги опфати сите училишни обврзници. Обезбедува услови за запишување на децата од реонот на училиштето опфаќајќи ги и учениците со посебни образовни потреби.

Податоци за училишните обврзници се обезбедуваат од Министерството за внатрешни работи, преку општината.

Училиштето има процедура за вклучување на ученици повратници од странство односно осипани ученици.

Училиштето систематски ја следи редовноста на учениците,ги анализира причините за отсуство од настава и превзема конкретни активности.

Вкупниот број на изостаноци на ниво на училиште во учебната 2020/2021 година изнесува 4280. Во учебната година 2021/2022 година, вкупниот број на изостаноци изнесува 10188. Во учебната година 2022/2023 година вкупниот број на изостаноци изнесува 6397, изостаноци. Училиштето не врши анализа за причините за отсуство од наставата и превзема конкретни активности.

Изостанувањата се како резултат на времена миграција на населението од економски причини. Училиштето има податоци за секој учебик индивидуално со остварени посети на точни адреси како и спроведување на постапка до државниот просветен инспектор.

Согласно со утврдените потреби и изготвен план, се реализираат советувања со родители и ученици, за кои се води уредна евиденција. Во учебната 2022/2023 година реализирани се 80 советувања на родители и ученици. За резултатите од спроведените советувања, доколку има

потреба се доставуваат известувања до надлежни институции. Стручната служба врши анализи на резултатите од советувањето.

Постапката за премин на ученици од едно во друго училиште се почитува во целост.

При преминот во друго училиште, ги доставува информациите за воспитно – образовниот развој на ученикот, а при прием на ученик од друго училиште ги бара истите информации и ги зема предвид при понатамошната образовна работа со ученикот. Во последните три учебни години, вкупно 76 ученици се испишале од училиштето поради промена на местото на живеење или заминување во странство..

## 2.3 Повторување на ученици

Во изминатите три учебни години нема ученици кои го повторувале одделението. Има ученици кои се задржани во истите одделенија поради нивно поголемо отсуство од настава- заминување во странство и повторно враќање по една или две години и немање можност за изведување и формирање на крајни годишни оценки.

Училиштето ги запознава учениците и родителите со политиката и правото за поднесување жалба при повторување на учебната година.

# 3 Учење и настава

## 3.1 Планирања на наставниците

Во училиштето има договорен приод за планирање и тоа на ниво на актив во одделенска настава и индивидуално по одделенија кајпредметните наставници. Процедурата за следење на планирањето и реализација на наставниот процес ја реализираат стручните соработници. Во мал број на наставни содржини и наставни предмети се вметнати целите на МИО.Годишните и тематските планирања, дополнителна и додатна настава, планирања за вонннаставни активности, проекти, соработка со родителите, план за примена на ИКТ во наставата, план за оценување и критериуми за оценување (кога и како се оценува), дефинирани идивидуални цели, индивидуална образовна програма (за ској ученик со ИОП), се доставени до стручната служба. Следењето е на почетокот на учебната година и при завршување на одредени теми.Дневните подготовки, неделните планирања и сценаријата (наставниците кои работат по новата концепција) се достапни на увид на директороти стручната служба. Планирањата ги содржат елементите согласно насоките од БРО. Сценаријата се пишуваат на дадени теркови како и подготовките за наставен час по адаптираните програми Кембрич. Има примери на наставници кои не изготвуваат планирања за наставен час и наставници кои планирањата за наставен час се на ниво на одделение но не и на ниво на паралелка.

Инклузивниот тим обезбедува подршка за изработка на ИОП. Има примери на добра советодавна подршка со ресурсниот центар „Д-р Златан Сремац".

Распоредот на часови е изготвен од наставник поматематика и наставник по информатика. При изготвувањето земено е во предвид просторот и наставниот кадар кој оди и во подрачното училиште.

## 3.2 Наставен процес

Во текот на интегралната еваулација извршена е посета на наставен час на најголем број наставници.

Голем број од наставниците користат разновидни форми и методи што соодветствуваат на потребите и можностите на учениците и нивните стилови на учење. Голем дел од наставниците користат добро испланирани и соодветни методи за работа со учениците најчесто индивидуално или заедничка работа со целата паралелка, а многу ретко во парови или во групи. Наставниците главно користат исти приоди за сите ученици независно од индивидуалните способности за учење на учениците. Наставните техники се користат во одделенска настава.

Сите наставници се обучени за употреба на Информатичка компјутерска технологија (ИКТ) и нови образовни технологии во наставата. Во текот на имплементација на интегралната евалуација, беа реализирани часови со примена на ИКТодносносе реализира презентација со употребанакомпјутер. Најголем број училници опремени се со проектори и паноа за проекции Во училиштето има само една смарт табла што не ги задоволува барањата за реализација на наставната програма утврдено во Концепцијата.

Мал број наставници во предметна настава, во чии паралелки има деца со посебни образовни потреби, за време на наставниот час, не ги реализираат целите од ИОП.

Задачите што се работат во училиштето или дома се планирани и поврзани со работата на учениците за време на часовите. Изборот на задачи и активности кај голем број наставници, е добро приспособен на образовни потреби на учениците. Наставниците користат учебници (по предмети каде ги има), прирачен материјал и дополнителна литература.

Наставниците не секогаш ги запознаваат учениците со целите на учењето и очекуваните исходи. Учениците се поттикнуваат активно да учествуваат во наставата. Најчесто се вклучени преку хорско потврдување или одрекување на одредени прашања. Ретко е

присутнаиндивидуална активност во процесот на учење. За време на часовите има многу добра работна дисциплина и атмосфера.

Во училиштето застапеноста на интерактивната настава во одделенска настава е добра. Во предметна настава, има примери на фронтално реализирање на наставен час каде учениците се слушатели без поголемо учество. Учениците се поттикнуваат активно да учествуваат во наставата и главно нивниот придонес се почитува. Постои интеракција наставник – ученик и тоа најчесто во одделенска настава, а во многу мала мера е застапена и интеракција ученик - ученик.

Домашните работи кои се задаваат се поврзани со содржините кои се работат за време на часовите.

Најголем број од наставниците се однесуваат со учениците на начин кој промовира заемно почитување, помош, соработка, без да прават разлика меѓу учениците според пол и социјално потекло.

Училиштето има процедура за следење на наставниот процес, согласно програмите за работа на стручните соработници и директорот.Најмалку по два пати во полугодие наставниците се посетуваат по претходно изготвен распоред за посета.Постојат добри практики на размена на искуства преку следење на наставни часови од колеги. Наодите од следењето се користат за подобрување на наставниот процес.

Училиштето располага со ограничен број наставни и нагледни средства. Нагледноста е позастапена во одделенска настава. Изработките се од самите наставници. Со реализација на часовите по концепцијата, сепоттикнува слободата во искажувањето кај децата. Присутна е флексибилноста при реализирање на наставните предмети во зависнот од потребите на наставникот и учениците.

### 3.3 Искуства на учениците од учењето

Учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна средина за учење. Заедничкиот училиштен простор е уреден.Трудовите на учениците се изложуваат на видни и соодветни места во училницата и во училиштето. Не се забележани мотиви од меѓуетничка интеграција односно мотиви од друга националност.

Од разгледување на прашалниците учениците сметаат дека начинот на кој се учи во училиштето е интересен по одделни предмети и сметаат дека она што се учи е поврзано со секојдневието, применливо и корисно во реалниот живот.

За време на часот, дел од наставници ги охрабруваат учениците самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат. Наставниците не ги искажуваат слабите страни на учениците пред други ученици.

Учениците сметаат дека имаат можност да го кажат своето мислење и тоа да биде земено предвид. Голем број на ученици сметаат дека интеракцијата со другите ученици е добра, а посебно во активностите што заедно ги остваруваат. Постојат и се применуваат различни форми за соработка. Учениците заеднички работат на различни проекти, во и надвор од наставата, во групи со различен состав и големина. Учениците се чувствуваат прифатени и задоволни во паралелката и училиштето.

### 3.4 Задоволување на потребите на учениците

Наставниот кадар и стручните соработници, ги идентификуваат образовните потреби на учениците, како и пречките во процесот на учење на секој ученик и преземаат активности за нивно остварување, односно за нивно отстранување.

Поголем број од наставниците, во соработка со стручните соработници и со Инклузивниот тим, во процесот на поучување користатприоди со цел да ги мотивираат учениците да научат најмногу што можат.

### 3.5 Оценувањето како дел од наставата

Училиштето ги применува позитивните законски и подзаконски прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Наставниците се обучени за примена на стандарди во оценувањето. Етичкиот кодекс за оценување на постигањата на училиштето е јавен документ со кој се запознаени наставниците, родителите и учениците. Критериумите за оценување се применуваат врз основа на стандардите за оценување, за сите програми според кои реализираат настава. Учениците и родителите се запознаени со критериумите за оценување.

Дел од наставниците користат разновидни инструменти и методи за оценување. Во сценаријата наставниците кои реализираат настава по новата концепција ги утврдуваат стандардите на оценување и напредокот на учениците. Најголем дел континуирано го следат и го оценуваат напредокот на учениците во сопствени белешки или на посебни евидентни листови. Оценувањето е транспарентно.

Поголем број од наставниците редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа и насоки за подобрување на постигањата. Сепак, не сите наставници ги користат информациите добиени од оценувањето за да го подобрат планирањето и реализацијата на наставата.

.

### 3.6 Известување за напредокот на учениците

Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува. Системот вклучува редовно прибирање информации за постигањата на учениците и давање транспарентна и конкретна повратна информација на родителите и учениците за оценката.

За таа цел се користат организирани формални и неформални средби, групни средби (за пренесување на информациите за паралелката во целина), индивидуални средби (за пренесување информации за конкретен ученик) со родителите.

Родителите добиваат и пишани извештаи со информации за напредокот на нивното дете по секој наставен предмет (евидентни листови) на тромесечие, и свидетелства на крајот на учебната година.

Родителите на деца со посебни образовни потреби се запознаени со напредокот на ученикот предвиден во ИОП и со нивно учество се ревидираат целите кои треба да се постигнат.

Е – Дневникот редовно се води од сите наставници. Проверката е од страна на директорот и стручната служба. Поголемиот број на родители имаат пристап до електронскиот дневник.

# 4 Поддршка/помош на учениците

## 4.1 Севкупната грижа кон учениците

Училишниот простор е безбеден за изведување настава. Училиштето има договорени мерки и активности за безбедност на учениците во текот на наставата во училишните згради и во училишните дворови.и истите. Инфраструктурата во училиштето е безбедна и непретставуваат потенцијална опасност од повреди на учениците. Сите потенцијално опасни места во училиштето, што не може да се избегнат како штекери, лизгави места скали се посебно означени и учениците се запознаени како дасе однесуваат кон нив.

При влезот на централното училиште има пристап на рампа за ученици со хендикеп.Пристапна рампа има и на влезот во зградата во с.Моране.

Во училиштето нема физичко обезбедување преку Агенција за обезбедување, а има дежурства на наставници за време на одморите,дежурства од ученици и ноќен чувар во Централното и Подрачното училиште. Во централното и во подрачното училиште има инсталиран видео-надзор.

При излезот од дворот на училиштето до главната и споредбената улица, нема изградено знакот за право на првенствено на учениците и блага препрека во самота улица за намалувањето на брзината на автомобилните. При несреќни случаи во училиштето има 2 обучени наставници за давање прва помош. Во случај на лесна физичка повреда училиштето поседува опрема за давање на прва помош и истата е достапна во ходникот на централната училишна зграда.Училиштето има План за заштита од елементарни непогоди.

Училиштето располага со 3 хидранти во Централното училиште кои се надвор од употребата и 2 во Подрачното училиште кои се во добра состојба, 9 ПП апарати од кои 6 се наоѓаат во централното училиште и 3 во ПП апаратите во Подрачното училиште,се сервисирани на 16.03.2023год.Централното и Подрачното училишна зграда има громобранска инсталација. Училиштето има изготвено елаборат за поставување на громобран на зградата.На постоечката громобранска инсталација е направено мерење. Во случај на незгода и елементарна непогода учениците, вработените и училиштето не се осигурани од осигурителната компанија. Училиштето има поднесено барање до основачот за добивање средства за осигурување на училишниот објект. .Училиштето има план за евакуација и истиот е транспарентно објавен на огласните табли, ходниците и другите простории.Последна симулација од елементарни непогоди од пожар и земјотрес е извршена во учебната 2022/23 година.Училиштето има изготвено Правилник за заштита од пожари и експлозии. Училиштето нема пишан документ во кој се дефинирани сите облици на однесување на возрасните кон децата кои се сметаат за психичко и физичко малтетирање.Наставниците и учениците се запознаени дека во училиштето е забрането секаков видна насилство.Вработените ја знаат својата улога и одговорност во процес от на заштита на децата. Во случаи на појава на насилство, училиштето има договорена процедура и протокол за постапување во такви ситуации. Се организираат дежурства на наставници за време на одморите. Во училиштето појави на насилство не се регистрирани. Училиштето води политика за забрана за пушење, консумирање на алкохол и консумирање и дистрибуција на наркотични супстанци во училишниот простор, вклучувајќиго тука и училишниот двор. Во училиштето има поставено апликаци и за забрана на истите, а од страна на стручната служба се организираат предавања со цел да се укаже на штетноста и последиците од консумирање на истите.

Во училиштето се води кампања за здрава исхрана меѓу учениците. Од страна на стручната служба организирани се предавања на тема: „Здрава храна“. Во училиштето има евидентирано ученик со телесен недостаток и со пречки во движењето во Подрачното училиште во с.Моране. Во училиштето има број од социјално загрозени семејства,чии родители се приматели на социјална помош.Училиштето обезбедува материјални средства за учениците кои заради социјалната загрозеност на нивните семејства не се во состојба да ја следат наставата под исти услови како другите ученици и да учествуваат во вонналставните активности што бараат вложување дополнителни средства (например, екскурзии и натпревари), но за истото нема пишани процедури.

## 4.2 Здравје

Хигиената во и надвор од централното училиште каде се реализира воспитно-образовната работа е добра. Дворот на Централното училиште добро е хортикулирано а Подрачното училиште делумно хортикултурно уреден и повремено се одржуваат.

Во дворот на училиштетата, во секоја училница и во ходниците, има корпи за отпадоци.

Училиштето има „Програма за заштита на здравјето на учениците" која е во состав на Годишната програма за работа на училиштето. Редовно се вршат систематски прегледи на учениците и на вработените. Извршен е систематски преглед на вработените на 09.12.2022 година од ПЗУ „Јавно Здравје"-Скопје со кого училиштето има потпишано договор за извршување на превентивни здравствени прегледи на работници и санитарен преглед. За заштита на здравјето, училиштето постапува по препораките и насоките на санитарната инспекција во врска со одржувањето на хигиената во училиштето и заштитата од заразни болести и има извршена дезинфекција, дератизација и дезинсекција.Последна извршена дезинфекција, дератизација и дезинсекција е иврשенана од Центар за јавно здравје Скопје.

Училиштето има договорена процедура за грижа за учениците ко и поради хронично заболување или посериозни повреди подолго време отсуствуваат од редовната настава. При постапување со истите училиштето постапува во соработка со родителите на учениците.Во училиштето нема ученици со потешки здравствени проблеми. Училиштето соработува со здравствените институции и родителите по одредени прашања од оваа подрачје.

### 4.3 Советодавна помош на учениците за понатамошно образование на учениците

За можностите за понатамошно образование училиштето им обезбедува на учениците јасни, точни и најнови информации. Стручната служба-педагогот и психологот,изготвува психолошки тестови за учениците за нивното понатамошно образование. Сручната служба ги информира учениците за конкурсите, условите и начинот на уписите во средните училишта. Психологот одржува усни советувања со деветто одееншите со цел помош при нивната професионална ориентација.При крајот на учебната година училиштето редовно е посетувано од средни училишта кои нудат информаци и за уписите, а учениците имаат можност да добијат и промотивен материјал. Општи информаци и за понатамошно образованиесе и дел од програмите за реализирање на одделенските часови. Училиштето има процедура за навремено откривање и грижа за учениците со емоционални проблеми. Во училиштето редовно се идентификуваат учениците со емоционални проблеми од страна на педагогот, психологот, дефектологот и наставниците и понатаму им се дава стручна помош и подршка во соработка со родителите.

Стручната служба-многу добро постапува во конкретните случаеви, презема соодветни мерки и грижата за учениците со емоционални потешкотии, на тој начин што и на родителите на овие ученици им помага во насока на давање совети за начинот на постапување со своите деца..

### 4.4 Следење на напредокот на учениците

Наставниците водат целосна и уредна евиденција за постигањата, редовноста и поведението на секој ученик, како и занивниот психо-физичкиразвој. Индивидалната евиденција се внесува во дневник на паралелка, евидентни листовии досие на ученик.Евиденцијата им е достапна на учениците и на родителите на родителски средби. За напредок на учениците стручната служба соработува со родителите. Врз основа на индивидуалната евиденција за учениците, наставниците изработуваат извештаи на ниво на паралелки, а педагогот изработува анализи на ниво на квалификациони периоди и споредбени анализи по години. По обработка на податоците, истите се достапни до учениците, родителите и останатите наставници. Резултатите од анализите се користат во доволна мера понатаму за подобрување на постигањата и на целиот воспитно – образовен процес

# 5 Училишна клима

## 5.1 Училишна клима и односи во училиштето

Училиштето се препознава како добро училиште по квалитетот на работата и постигањата на учениците во различни области како и остварувањето на визијата и мисијата на училиштето. Во училиштето се образуваат ученици од албанската етничка заедница.

Раководниот орган, стручната служба и наставниот кадар уживаат респект кај родителите и учениците.

Училиштето има кодекс на однесување и Куќниот ред со кој се поставени принципите и правилата на однесување на сите структури: раководниот кадар, наставниците, стручната служба, техничкиот персонал, учениците и родителите.Во изготвувањето на кодексите и куќниот ред учествувале сите засегнати страни. Кодекс на однесување на ученици, кодекс на однесување на наставници и куќниот ред се истакнати транспаретно во ходниците и холот на училиштето. Донесените кодекси и куќниот ред од страна на вработените, учениците и родителите се применуваат целосно и сите вработени, ученици и родители се придржуваат кон нив.

Во училиштето климата е добра. Училиштето води политика на взаемно почитување и рамноправен третман на сите структури што учествуваат во секојдневниот училишен живот. Односите меѓу сите во училиштето се на задоводително ниво за нормално одвивање на воспитно-образовниот процес. Сите ученици се чувствуваат прифатени од возрасните и другите ученици во училиштето.

Дисциплината на учениците е добра и нема нарушување на образовниот процес. Поведението на учениците е добра. Вработените внимателно, но и авторитетно се справуваат со проблемите кои се однесуваат на дисциплината и нередовноста. Во стручната служба, кај стручниот соработник-педагог,постои соодветна евиденција за изречените педагошки мерки на учениците кои се малку на број.

Учениците се навремено и добро информирани за сите работи што се од нивен непосреден интерес и учествуваат во решавањето проблеми и донесување одлуки во врска со тие работи.

Училишната заедница е активна и има свои претставници и членови од сите одделенија. Учениците подеднакво се вклучени во проекти, организираат заедно со одговорните ескурзии и прослава на полуматурската вечер.

Учениците,членови на училишната заедница, делумно се запознаваат со работата на наставничкиот совет, совети на паралелки и Училишниот одбор. Членовите на училишната заедница многу ретко се покануваат на состаноци на Училишниот одбор.

Училиштето ги негува родовата сензитивност и мултикултурализмот, ја поддржува инклузивноста и ја зајакнува партиципацијата на учениците во решавањето на новонастанати проблеми.

## 5.2 Промовирање на постигањата

Училиштето повремено ги промовира постигањата на учениците, најчесто на патрониот празник.

За промовирање на постигањата и ученик на генерација нема пропишан интерен правилник. Училиштето секоја година, со гласање на наставниците бира ученик на генерација. Најголем број од наставниот кадар го користи пофалувањето како начин на мотивирање и промовирање на постигањата на учениците.

Учениците почесто учествуваат на училишни и општински натпревари, а поретко на државни натпревари.

Дел од постигањата училиштето ги објавува на својата фејсбук страница.

## 5.3 Еднаквост и правичност

Вработените во училиштето се запознаени со правата на децата и можат да ги препознаат случаите на нивно нарушување во практиката. Училиштето ги запознава учениците со нивните права, иако не секогаш им овозможува да ги практикуваат.

Учениците учат да ја почитуваат сопствената култура и традиција и културата и традицијата на другите етнички заедници во Република Северна Македонија, без оглед на етничката или верската припадност.

Училиштето планира и реализира многубројни заеднички наставни и вонннаставни активности со мешани групи и ги користи сите други можни стратегии за да обезбеди меѓуетничка соработка на учениците и вработените со друго училиште. Училиштето планира активности од меѓуетничка интеграција.

## 5.4 Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница

Соработката на училиштето со родителите делумно задоволува. Таа се базира врз размена на информации, консултации и партнерски однос. Родителите се информираат и за успехот и поведението на учениците и тоа со директни контакти со наставниците, стручната служба и на родителските средби.

Училиштето презема активности за да ги поттикне родителите да се вклучат во подобрување на воспитно-образовнатаработа.Родителите се повикани активно да се вклучат во наставниот процес преку учество во планирањата и реализиањата на разни вонннаставни активности (патронен празник, хуманитрни акции и слично) номал број родители ги користат можностите кои им ги нуди училиштето.

Дел од родителите самоволно се вклучени во акција за подобрување на материјалните услови во училиштето и се расположени за донации во училиштето.

Училиштето користи ефективни методи за комуникација со родителите преку организирање индивидуални и групни родителски средби.

Информациите што се однесуваат на сите аспекти од работата на училиштето, како што се целите, организацијата и идните активности се достапни во доволен обем на сите родители и ученици. Истотака, и нивото на постигањата на учениците е достапно за сите родители и во секое време.

Училиштето е вклучено во животот на локалната заедница преку соработка со институциите од локалната заедница, преку спроведување на заеднички проекти и организирање и учество на настани од интерес на заедницата како што се одбележување на празници,јубилеи и сл.Заедницата се вклучува во подобрување на условите за работа во училиштето директно и индиректно.

Локалната самоуправа ги препознава како приоритет потребите на училиштето како во поглед на инфрастуктурата така и во поглед на осипувањето на учениците од општината во други училишта во други општини.

Училиштето има соработка сограѓанскиот со вклучување на нивни претставници како активни учесници во реализација на еколошката програма е добра.

# 6 Ресурси

## 6.1 Сместување и просторни капацитети

Училишните згради се од тврда градба. Училишниот простор во целост ги исполнува условите за работа, како за учениците, така и за наставниците и другите вработени. Воспитно-образовната дејност училиштето ја реализира во 3 училишни згради.

Училишната зграда на „Наим Фрашери" Студеничани е објект од тврда градба кој е изграден 1945 година, со внатрешна површина од 2731 м², двор со површина 17714 м2, кој е хортикултурно уреден, игралиште и спортски терен со површина од 2267 м2. Училиштето има спортска сала.

Централно училиште во село Студеничани располага со 23 училници, 7 кабинети,една библиотека, 1 фискултурна сала и административни простории (директор, педагог и психолог, канцеларија за наставничкиот кадар, секретар, две простории за помошниот персонал). Има вкупно 4 санитарни јазли, 2 за учениците и внатре во училишната зграда уште 2 санитарни јазли за наставничкиот кадар.Училиштето има ПТТ врска, интернет мрежа, громобранска мрежа, ПП апарати (документ за сервисирање).Училиштето располага со дворна поивршина, Спортска сала, Спортски терени, озеленета уредена површина.

Централното училиште во с.Студеничане се загрева на течно гориво(нафта), котелите се наоѓаат во подрумските простории. Училишниот двор е целосно ограден со цврста ограда.

Подрачното основно училиште е стар објект е тип на тврда градба, со површина од 1135м2 и неуреден двор со површина од 5000м2.Објектот е составен од 10 училници, наставничка канцеларија, помошна просторија и 2 тоалети. Спортската сала е во завршна фаза на доградбата.

Затоплувањето во зградите е со сопствено парно греење со нафта.

Училиштето има јасен план и распоред и максимално ги користи расположивите капацитети за изведување на наставата и вonнаставните активности, со што ги задоволува потребите на учениците.

## 6.2 Наставни средства и материјали

Опременоста на училиштето со наставни нагледни средства и други технички помагала делумно ги задоволува потребите на наставниците за реализација на воспитно-образовната работа, но истата има тенденција на подобрување во последните неколку години. Училиштето поседува: 18 ЛЦД проектори, 1 интерактивна табла, 1 ласерски принтер и 2 комбинирани принтери со скенер и копир. микроскоп,графоскоп, едно ДВД, музички инструменти за исведување на настава по предметот Музичко образование, спортски реквизити за изведување на настава по Физичко образование.62 за администрацијата и потребата за учениците по предметот информатика.

Училиштето своите потреби за наставни средства и помагала ги утврдува преку стручните тела на училиштето, со давање на приоритети за набавка на најнеопходните помагала.

Училишната библиотека располага со вкупно 7600 примероци на книги, од кои 100 стручни книги, белетристика, лектирни изданија–7000, книги по жанрови 500, литература на странски јазик 470 и 1800 учебници. Во библиотеката најголем број на книги се стари изданија, а помалку се од нова лектирна и стручна литература. Библиотечната евиденција се води во инвентарна книга.

Задолжувањето се врши со карта. Библиотеката е отворена за ученици пет дена во неделата од 7 до 15 часот.Библиотекарот има изготвено Годишна програма за работа и работи согласно предвидената динамика. Редовно изготвува извештај за својата работа, и учествува во изработката на Самоевалуацијата на училиштето и Програмата за развој. Училиштето обезбедува потрошен материјал преку повеќекратно набавување во текот на една календарска година.

Училиштето обезбедува потрошен материјал за реализација на наставните и вонnаставните активности во делумно доволен обем.

## 6.3 Обезбедување на потребен наставен кадар

Во ООУ „Наим Фрашери„ с.Студеничани се исполнети условите за изведување настава според нормативот.Големината на училниците соодвествува на бројот на ученици во паралелките.Училиштето има обезбедено доволен соодветен наставен кадар за реализирање на воспитно-образовниот процес.

Во ООУ„Наим Фрашери"с Студеничане и ПУ.с.Моране општина Студеничане наставата се изведува на албански наставен јазик. Наставата се изведува во две смени

Во училиштето нема родова, етничка или друга дискриминација при изборот на наставниот кадар.

Училиштето има вработен секретар, педагог, раководен орган-директор, пом.директор, психолог и дефектолог 8 хигиеничари, 1 хаусмајстор и 2 ноќни чувари.

Во училиштето има дефектолог со специјализирано образование за работа со деца со посебни потреби, а со тие ученици работи инклузивен тим.

Во училиштето наставата ја изведуваат вкупно 93 наставници:63 наставници со високо образование и 11 наставници со више образование и 19 наставници со средно образование, од нив 45 наставници се на неопределено работно време и 48 наставници на определено работно време.Според националниот состав,3 наставници се од македонската етничка припадност (предаваат македонски јазик) и 90 наставници се од албанската етничка припадност.Според работното искуство,15 наставници се со над 31 година работен стаж,7 наставници се со до 30 години ,10 наставници до 20 години и 55 настаници се со до 10 години работно искуство.

Има еден наставник приправник и еден наставник ментор.

Наставниот кадар континуирано стручно се усовршува во склоп на обуките на МОН. Наставниците учествувале на обуки за реализација на ИКТ во наставата, формативно и сумативно оценување, еколошко едукација во образованието, меѓуетничка едукација во образованието, работа со комјутери, работа со деца со аутистичен спектар, а дел од наставниците се здобиваат со знаења по пат на дисиминација.

. Во случај на пократко отсуство на наставник, училиштето врши замена со постојните наставници. За подолги отсуства се бара согласност од основачот.

Училиштето има стручната служба педагог психолог и дефектолог која им помага на наставниците во организација на наставата и го следи напредокот на учениците. Советодавно работи со учениците и родителите, подготвена и отворена за соработка. Стручниот соработник има програма за работа која е во состав на Годишната програма на училиштето.

## 6.4 Следење на развојните потреби на наставниот кадар

Училиштето не ги идентификува потребите на наставниците за професионален развој. За усовршување и професионален развој на наставниците училиштето има воспоставено систем за десиминација на знаењата, вештините и способностите на наставниот кадар. Вреднувањето на работата на наставниците и идентификувањето на нивните потреби се врши преку посета на часови од страна на стручната служба.

Директорот согласно својот план и програма за работа врши посета на часови кај наставници најмалку два пати во едно полугодие. Исто така, потребите на наставниците се следат и преку планирањата и активностите на стручните активи.

Стручната служба уредно не води портфолија за професионален и кариерен развој на наставниот кадар.наставниците не изготвуваат личен план за професионален развој на наставникот.

## 6.5 Финансиско работење во училиштето

Управувањето, раководењето и финансиското работење во училиштето е во рамките на законските норми и прописи. Училиштето има донесено Финансиски план, усвоен извештај, усвоена завршна сметка и План за јавни набавки. Финансиското работење и завршните сметки се контролираат од Училишниот одбор. Училиштето нема средства од самофинансирање или од издавање на простор под закуп. Комисијата за јавни набавки правилно е формирана.

Финансиското работење и завршните сметки се контролираат од Училишниот одбор. Завршните сметки се разгледуваат на седниците на Училишниот одбор. Училиштето ги информира органите и телата за училишниот буџет и трошење преку презентација на кварталните, полугодишните и годишните извештаи на состаноците на телата и органите во училиштето. Училиштето го покрива делот за материјални трошоци, комунални услуги преку буџетската сметка. За финансиското работење училиштето ги информира органите и телата во училиштето, како и локалната власт преку полугодишниот и годишниот извештај. Буџетските приоритети се тесно поврзани и ги отсликуваат приоритетите и образовните цели на училиштето. Буџетот се корист наменски и за креативни цели што се фокосирани на квалитетот на наставата.

Книговодството на училиштето го води книговодител, кој го води книговодството на училиштето.

# 7 Управување, раководење и креирање политика

## 7.1 Управување/раководење со училиштето

Училишниот одбор е конституиран во согласност со законската регулатива и Статутот на училиштето, при што се води сметка за родовата структура на членовите на училишниот одбор. Работата на училишниот одбор е јасно дефинирана со Деловникот за работа на училишниот одбор. Состаноците се одржуваат и реализираат во согласност со деловникот за работа на училиштен одбор. Училишниот одбор им обезбедува редовни, детални и сеопфатни информации за својата работа на другите субјекти вклучени во воспитно-образовниот процес. Училишниот одбор има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на училиштето и другите училишни структури. Училишниот одбор активно учествува во креирањето политики и води училишни политики во кои се афирмира инклузивноста на училиштето, меѓуетничка интеграција во образованието и граѓански активизам.

Раководниот орган има јасна визија за развојот на училиштето со која се запознаени сите вклучени чинители во животот на училиштето. Раководниот орган објективно го оценува работењето на вработените, го вреднува нивниот придонес во тимската работа и ја промовира добрата практика што постои во училиштето, донесува одговорни одлуки, има изградено личен кредибилитет и професионален однос кон работата, способност ефективно да делегира, комуницира и да раководи со вработените и нивниот развој, успешно ги имплементира во училиштето промените во образовниот систем, се фокусира на приоритетите идентификувани во развојниот план/програма, редовно се самоевалуира, а во центарот на своето работење ги става постигнувањата на учениците и подобрувањето на училиштето, воспоставува продуктивни партнерства во непосредната и во пошироката заедница, вклучувајќи партнерства со други училишта за реализација на активности за меѓуетничка интеграција во образованието. Раководниот орган има компетенции за тимска работа и тоа го практикува при процесот на градење политики, планирање и обезбедување квалитет. Раководниот орган на училиштето е активен во реализирањето на училишните политики за инклузивноста, меѓуетничката интеграција во образованието и граѓански активизам.

## 7.2 Креирање на образовната политика

Целите на училиштето се во согласност со целите на државната и локалната образовна политика. Целите се јасни и се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и постигањата на учениците.

Наставниците, родителите и учениците се запознаени со целите како и со начинот на нивно остварување. Родителите и учениците не се доволно вклучени во нивната реализација. Училиштето соработува со соодветни институции за остварување на целите. Превзема активности и ги подобрува политиките во училиштето за меѓуетничка интеграција, намалување на насилството, не дискриминација, еколошко образование и друго.

Креирањето и ажурирањето на актите се врши во рамките на органите и телата во училиштето..

# 8 Наоди и препораки

## 8.1 *Силни страни*

- Работната дисциплина и атмосвера на наставните часови е многу добра
- Искористеност на просторните капацитети за реализација на наставни и вонаставни активности.
- Еднаков пристап спрема учениците од различна полова и социјална припадност;
- Добра превенција од насилството со организирани дежурства од наставници и други вработени
- Директорот има поддршка во креирањето и реализирањето на образовната политика од сите структури на училиштето ;

## 8.2 *Слаби страни*

- Недоволна опременост на училниците со смарт табли неопходни за реализација на наставата согласно Концепцијата;
- Во училиштето не се застапени трудови од ученици или паноа со содржини и иконографија од МИО
- Мал број наставници во предметна настава реализираат ИОП
- Има наставници кои изготвуваат едно планирање за наставен час за сите паралелки од одделение (за неколку паралелки планирањето е исто)
- Мал број на учество на натпревари.
- Училиштето нема своја веб страна.
- Наставниците немаат личен план за професионален разовој на наставникот

## 8.3 *Препораки*

- **Да се опремат училниците со смарт табли неопходни за реализација на наставата согласно Концепцијата**
- **Во училиштето да се негува МИО прекузастапување на содржини, трудови од ученици и иконографија која го одразува мултикултурализмот**
- **Да се реализира ИОП од сите наставници за време на наставните часови**
- **Наставниците да изготвуваат планирања за наставен час за секоја паралелка поединачно земајќи ги впредвид различностите на учениците, нивните образовни потреби и знаења.**
- **Учениците повеќе да учествуват на ученички натпревари;**
- **Училиштето да преземе активности за отварање на своја веб страница.**
- **Наставниците да изготвуваат личен план за професионален развој**

| | |
|---|---|
| **Сенад Сулејмани**, Раководител на инспекцискиот тим | |
| Џавид Сулејмани, Инспектор | |
| Нада Николова, Инспектор | |
| Зоран Ристевски, Инспектор | |